Офицер за заштита на лични податоци

Мириша Парталко

mirisha.b@outlook.com; jpgradskipazar@yahoo.com
+389 (0)71 186 195

Личните податоци се:

- обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци („законитост, правичност и транспарентност“),

- собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели.

- соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат („минимален обем на податоци“),

- точни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле обработени („точност“),

- чувани во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци,

- обработени на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички или организациски мерки („интегритет и доверливост“).

Контролор е должен да ја демонстрира усогасеноста(отчетноста)

Контролор може да побара доставување на дополнителни информации потребни за утврдување на идентитетот на субјектот на личните податоци.

Кога личните податоци се собираат од субјектот на личните податоци, контролорот во моментот на собирањето на личите податоци, на субјектот на личните податоци му ги обезбедува следните информации:

1) идентитетот и контакт податоците на контролорот и податоци за неговиот овластен претставник во Република Северна Македонија;

2) контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци

3) целите на обработката за коишто личните податоци се наменети, како и правната основа за обработката;

4)легитимните интереси што ги спроведува контролорот или трето лице

5) корисниците или категориите на корисници на личните податоци, доколку ги има;

Контролорот во моментот на собирањето на личните податоци, на субјектот на личните податоци му ги дава следните дополнителни информации кои се неопходни за обезбедување на правична транспарентна обработка:

1) временскиот период за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;

2) постоењето на право да се бара од страна на контролорот пристап, исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на субјектот на личните податоци, или право на приговор за обработката, како и право на преносливост на податоците;

3) постоењето на правото за повлекување на согласноста во секое време, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена,

4)информација дали давање на личните податоци е законска или договорна обврска или услов кој е потрбен за склучување на договор, како и дали субјектот на личните податоци има обврска да ги даде личните податоци и можните последници ако овие податоци не бидат дадени

5) постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето